Уп. Бр.08-41/2022

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено заеднички од **Арамко Оврсис Компани Б.В.** (Aramco Overseas Company B.V.), со регистрирано седиште на Шевенингсевег 62-66, 2517 КХ Хаг, Холандија, и **БП Европа СЕ** (BP Evropa SE), со седиште на Уберсеале 1, 20457 Хамбург, Германија, доставено преку Божидар Милошевиќ, адвокат од Скопје, на седницата одржана на ден 15.03.2022 година, го донесе следното

# Р Е Ш Е Н И Е

Се утврдува дека концентрацијата која се однесува на стекнувањето на заедничка контрола од страна на **Арамко Оврсис Компани Б.В.** (Aramco Overseas Company B.V.), со седиште на Шевенингсевег 62-66 2517, КХ Хаг, Холандија, и **БП Европа СЕ** (BP Europa SE), со регистрирано седиште на Уберсеале 1, 20457 Хамбург, Германија, над **ЛОТОС - Ер БП Полска сп. з о.о**. (LOTOS – Air BP Polska sp. z o.o.), со регистрирано седиште на ул. Алеја Грунвалдзка 472Б, 80-309, Гданск, Полска,по пат на купопродажба на акции, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

## О б р а з л о ж е н и е

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата на 11.02.2022 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) е доставено известување за концентрација од Арамко Оврсис Компани Б.В. (Aramco Overseas Company B.V.), со регистрирано седиште на Шевенингсевег 62-66, 2517 КХ Хаг, Холандија, и БП Европа СЕ (BP Evropa SE), со седиште на Уберсеале 1, 20457 Хамбург, Германија, со која Арамко Оврсис Компани Б.В., Холандија и БП Европа СЕ, Германија, ќе стекнат заедничка контрола над ЛОТОС - Ер БП Полска сп. з о.о. (LOTOS – Air BP Polska sp. z o.o.), со регистрирано седиште на ул. Алеја Грунвалдзка 472Б, 80-309, Гданск, Полска по пат на купопродажба на акции.

Пред Предложената трансакција, ЛОТОС - Ер БП Полска сп. з о.о. е заеднички контролирано од БП Европа и Група Лотос, и БП Европа и Група Лотос имаат по 50% удел и заедничка контрола над ЛОТОС - Ер БП Полска сп. з о.о..

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација и прилозите кон истото го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**Арамко Оврсис Компани Б.В.** е зависно друштво во целосна сопственост на Сауди Арамко.

Арамко Оврсис Компани Б.В. е друштво со деловни активности во Европа, Азија и Африка, нудејќи на своите поврзани лица во Сауди Арамко глобалната групација широк опсег на услуги, вклучувајќи услуги на финансиска поддршка, управување со синџир на снабдување, услуги на техничка поддршка и разновидни услуги на административна поддршка. Сауди Арамко е примарно ангажиран со проспекциски геолошки истражувања, истражување, бушење и вадење јаглероводородни супстанци и обработка, производство, рафинирање и пласирање на пазарот на овие супстанци.

Сауди Арамко нема регистрирани зависни друштва во Северна Македонија, но е XXX[1]

**БП Европа СЕ** е индиректно зависно друштво на БП п.л.ц. (BP p.l.c.) со седиште на Плоштад Сеинт Џеимс 1, Лондон SW1Y 4PD, Обединето Кралство (заедно со поврзаните друштва „**БП**").

БП со седиште во Лондон, Обединетото Кралство, е интегрирана енергетска компанија со активности во Европа, Северна и Јужна Америка, Австралазија, Азија и Африка. БП п.л.ц. е владејачкото (матично) друштво на глобалната групација која се фокусира околу четири бизниси групи:  производство и операции со јаглеводороди (нафта и гас); потрошувачи и производи – што ги зголемува понудите на бп за погодност и мобилност за потрошувачите;  гас и енергија со низок јаглерод (вклучувајќи обновливи извори на енергија и интегриран гас); и иновации и инженерство за поттикнување на дигитална трансформација.

Дејноста на **ЛОТОС - Ер БП Полска сп. з о.о**. е продажба на млазно гориво JET-A1 и полнење на воздухоплови со ова млазно гориво на аеродромите лоцирани во Полска: аеродромот Лех Валенса во Гдањск; Аеродромот Фредерик Шопен во Варшава; Меѓународниот аеродром Катовице во Пирзовице; Аеродромот Лублин; Регионалниот аеродром Олстин-Мазури во Шимани и аеродромот Познан-Лавица.

ЛОТОС - Ер БП Полска сп. з о.о. е активен единствено во Полска.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (4) и од член 14 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уредување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конкуренцијата  вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната

[1] Податоците претставуваат деловна тајна

конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. д-р Владимир Наумовски**